# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# 2012-2015

MULTIKULTURA

# 11 YEARS

MULTIKULTURA

www.multikultura.org.mk

# Содржина:


1 Порака на директорот....4
2 Историјат на организацијата....5
3 Мисија и визија....6
4 Организациска структура....7
5 Анализа и предизвици....8
6 Стратешки одредби и цели....10
7 Стратешка цел 1....11
8 Стратешка цел 2....12
9 Стратешка цел 3....13






## Порака на директорот:

Во една држава, која се наоѓа во продолжена транзиција, како што е Македонија,потребата за постоење на граѓанскиот сектор, е неопходна.

Достигнувањата на овој сектор во Македонија, во зависност од гледната точка може да се оценат на различни начини. Сепак, едно е сигурно, а тоа е дека со големи чекори се остваруваат високи успеси во граѓанскиот сектор, а тоа најдобро се гледа преку влијанието кое се остварува со активностите.

Дејноста на Мултикултура од нејзиното основање е насочена кон подобрување на квалитетот на живот во Македонија. Активностите кои се насочени кон меѓуетничка соработка, неформално образование, промоција на различностите како и помагање во креирањето на јавни политики во државните институции, водат кон остварување на таа дејност.

Ние ќе бидеме и понатаму присутни преку нашите активности кои ќе бидат во согласност со потребите на граѓаните, за да им понудиме вистински вредности и за да постигнеме во блиска иднина во нашето општество да се развијат човечките доблести и професионализмот.

Големите промени не можат да се постигнат преку ноќ, за такви промени да се случат потребен е придонес од сите нас, најпрвин индивидуално, а потоа сето тоа ќе води и кон заеднички успеси.

Во овој случај најмногу се согледува значењето на зборовите„Заедно сме посилни!“

Со почит,

М-р Вулнет Зенки

# Историјат на организацијата:

Мултикултура е основана 2001 година, од млади ентузиасти, за подобрување на меѓуетничката соработка кај заедниците од Тетово и пошироко и промовирање на културните вредности од различни етнички групи. Работата со млади и промоција на граѓански активизам е дел од нашата програма за подобрување на социалниот и културниот живот во регионот.

Досега имаме реализирано различни проекти кои имаа за цел развивање на комуникациските вештини кај младите, размента на култури, поттикнување на меѓуетничката соработка, подигање на граѓанската свест за нивната важност во процесот на донесување на одлуки итн.

Мултикултура е дел од интернационалната мрежа UNITED for Intercultural Action - мрежа против национализмот, фашизмот, рацизмот и др.

Мултикултура е партнер организација за Балканот за NCBI (National Coalition Building Institute) со седиште во Вашингтон. Истотака дел сме од Балканската мрежата “Regional youth action against discrimination and militarism”.








# МИСИЈА

Градење на хармонично, мултиетничко општество.

# ВИЗИЈА

Мултикултура е лидерска организација за остварување на граѓанските права преку промовирање на младински активизам, учество во процесот на донесување на одлуки и развивање на културна и интеретничка толеранција и соработка.

**Организациска структура:**



# АНАЛИЗА И ПРЕДИЗВИЦИ

Од особена важност за одржливоста на граѓанскиот сектор, кој сеуште воглавно се финансира од странски донатори, е негова преориентација кон давање на услуги на јавниот сектор. Ова е особено важно заради обезбедување средства од различни извори на финансирање, пред се ориентирајќи се кон локалните извори. Исто така, граѓанскиот сектор сеуште не е доволно запознаен со процесот на евроинтеграција, посебно со програмите кои се достапни за Република Македонија, како на пример Програмите на заедниците, ИПА и други, .

Поделеноста на етничка основа во Тетово и поширокиот регион претставува сериозен предизвик , особено кај младата популација, затоа е потребно да се работи на меѓусебно запознавање на младите од различни етнички заедници. Во однос на етничките заедниците, Ромите се сеуште високо маргинализирана група, посебно во областа на образованието и културата. Затоа се потребни натамошни напори за нивно интегрирање во образовниот и социјалниот живот.

Речиси и да не постои културен живот кој ги опфаќа младите од различни етнички заедници, поради што се јавува потреба за нивно интегрирање и активно вклучување во општествените процеси.

Дополнително, постои чувство на бесперспективност кое резултира со недостаток на интерес за вклучување во било какви форми на културен и граѓански активизам.

Досегашната практика покажува дека постои волја за соработка помеѓу ЛС и граѓанскиот сектор, но треба дополнително да се развијат стратегии за млади и култура кои би деле рамка на таа соработка. Заради систематско решавање на комуникацијата помеѓу ЛС и граѓанскиот сектор потребно е да се разработи стратегија и наоѓање соодветни форми на комуникација.

Иако граѓанскиот сектор вложува напори да го подобри имиџот во заедницата, сеуште тој е на незавидно ниво, што создава потреба за делување на нивната транспарентност и поголема видливост во заедницата. Исто така, треба да се продолжи и со активности насочени кон промоција на граѓанското учество во формите на донесување одлуки на локално ниво. Со тоа и граѓанскиот активизам ќе се развие во форма на соработка од взаемен интерес.

# Стретешки Цели на Мултикултура







# СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ И ЦЕЛИ

Мултикултура низ процесот на стратешко планирање дефинираше три стратешки определби кои соодветствуваат со дефинираната визија и мисија.

1. *Намалување на етничката поделеност*

2. *Подобрување на пристапот на граѓаните до процесите на донесување на одлуки*

3. *Проширување на опсегот на делување на Полошки и Југозападен регион на Македонија.*

Од аспект на ресурси потребни за имплементација на Стратешкиот план, глобално земено се дефинираа потребните технички, човечки и финансиски ресурси. Нивното детално планирање е предвидено во акционите планови, кои се составен дел од Стратешкиот план, а деталите ќе бидат опфатени преку годишното планирање.

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1

НАМАЛУВАЊЕ НА ЕТНИЧКАТА ПОДЕЛЕНОСТ

***Цели:***

1.1 Јакнење на капацитети на етнички заедници

1.2 Размена на културни вредности

1.3 Вклучување на младите во разни форми на мултиетнички активности










# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2

ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ НА ГРАЃАНИТЕ ДО ПРОЦЕСИТЕ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ

***Цели:***

2.1 Развој на стратешки документи на локалните институции насочени кон потребите на граѓаните

2.2 Јакнење на соработката меѓу НВО секторот и институциите на локално ниво

2.3 Јакнење на довербата во граѓанскиот активизам

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3

ПРОШИРУВАЊЕ НА ОПСЕГОТ НА ДЕЛУВАЊЕ НА ПОЛОШКИ И ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА

***Цели:***

3.1 Зајакнување на капацитетите на Мултикултура

3.2 Креирање партнерства со организации од Македонија и соседните држави

3.3 Подобрување на препознатливоста на Мултикултура






MULTIKULTURA
ANTI
DISCRIMINATION
CAMPAIGN
Денови на акција
против дискриминацијата и милитаризмот
2011










за повеќе информации: **www.multikultura.org.mk**

MULTIKULTURA

**адреса:** Јане Сандански 48/1
p.fah. 142
1200 Тетово, Македонија
**Тел.:** +389 44 522 355
**e-mail:** info@multikultura.org.mk
**www.multikultura.org.mk**